МАКЕДОНИЈА

ПАРИТЕ И ИСТОРИЈАТА

ВОДИЧ НА ПОСТОЈАНАТА МУЗЕЈСКА ПОСТАВКА НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

НАСЛОВНА СТРАНИЦА:

Дерони, триобол
500-480 г. пр. н.е.

Филип II Македонски, статер
Пела, с.340 - с.328 г. пр.н.е.

Јустин II, 40 нумии
Константинопол, 569-570 г.

Маја Хаџи-Манева

МАКЕДОНИЈА
ПАРИТЕ И ИСТОРИЈАТА

ВОДИЧ НА ПОСТОЈАНАТА МУЗЕЈСКА ПОСТАВКА НА НБРМ

Скопје, 2008

Издавач:
НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МАКЕДОНИЈА: ПАРИТЕ И ИСТОРИЈАТА

ВОДИЧ НА ПОСТОЈАНАТА МУЗЕЈСКА ПОСТАВКА НА НБРМ

Автор:
Маја Хаџи-Манева

Лектор:
Бисера Павлеска

Фотографии:
Владо Кипријановски

Графички дизајн и компјутерска обработка:
Артистика, Скопје

Печати:
Нампрес, Скопје

© 2008 Сите права се задржуваат.
Ни еден дел од оваа публикација не може да биде препечатен или репродуциран на елекронски, механички или друг начин без писмена дозвола од издавачот.

СОДРЖИНА

НУМИЗМАТИЧКА ЗБИРКА НА НБРМ 5

ПАЈОНСКИ МОНЕТИ 6

Монети на племенските заедници во Македонија 6

Монетите на пајонските владетели 8

МАКЕДОНСКИ МОНЕТИ 10

Ковничка активност на македонскиот брег 10

Монети на македонските кралеви 11

РИМСКИ МОНЕТИ 18

Македонија под римски протекторат 18

Македонија - римска провинција 19

Монети на македонските градови под римска власт 19

Стоби 20

Римски денари 21

Римски империјални монети 22

Монетарните реформи во периодот на Доцноримското Царство 23

Христијански симболи и иконографија на парите во IV и V век 24

ВИЗАНТИСКИ МОНЕТИ 25

Рановизантиско монетоковање 25

Средновизантиско монетоковање 29

ДОЦНОСРЕДНОВЕКОВНИ МОНЕТИ 31

Доцновизантиско монетоковање 31

Венецијански грошеви и српски динари 32

Монетите на самостојните владетели во Македонија 33

ОТОМАНСКИ КОВНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА 34

НУМИЗМАТИЧКА ЗБИРКА НА НБРМ

Нумизматичката збирка на Народната банка на Република Македонија е формирана во текот на 1999 година, кога Банката во своите основни функции го вклучи и откупот на стари и ретки пари од почвата на Република Македонија. Со вклучувањето во овој домен на музејската дејност, НБРМ влезе во семејството на водечките институции чијашто примарна цел е заштитата на движното културно наследство. Во текот на своето постоење, збирката постојано беше збогатувана преку откуп, но и со донации на граѓани, па денес со околу 18 000 примероци на монети, медаљони, ексагии и банкноти, таа претставува најголемата јавна нумизматичка збирка во Република Македонија, а воедно и најголемиот специјализиран музеј во рамките на една институција.

"Македонија, парите и историјата" е насловот на постојаната нумизматичка поставка која првпат беше презентирана пред јавноста на 25 април 2002 година, денот на десетгодишнината од монетарното осамостојување на Република Македонија.

Во поставката, којашто е сместена во приземните простории на Народната банка на Република Македонија, на површина од 240 м^2 се изложени околу 1 000 примероци на монети, ексагии, медаљони и банкноти, распоредени во четириесет и две музејски витрини. Со хронолошкиот преглед на нумизматичкиот материјал е илустрирано богатството на паричните единици и монетарните системи кои се присутни на тлото на Република Македонија во период подолг од два и пол милениума.



ПАЈОНСКИ МОНЕТИ

МОНЕТИ НА ПЛЕМЕНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА

Почетокот на монетоковањето на територијата на Р Македонија датира од крајот на VI век пр.н.е., кога пајонските заедници почнале да ги издаваат своите сребрени монети, само еден век подоцна од појавата на монетите во светот.

Златна посмртна маска на локална владетелка, VI/V век пр.н.е, Охрид.

Појавата на монетарната економија била условена од нивото на општествениот развој. Имено, во текот на VI век пр.н.е. меѓу заедниците кои ја населувале оваа територија се издигнале владетели коишто, по примерот на малоазиските владетели, почнале да издаваат свои пари, сребрени парчиња со стандардизирана тежина на кои биле втиснати претстави карактеристични за нивната заедница. Во почетокот парите биле користени за купување мир, односно за плаќање данок на Персијците, кои меѓу 513-479 г. пр.н.е. го окупирале овој регион и војувале со хеленските полиси. Покрај ваквата намена, првите монети биле користени и за трговија.

Најраните примероци биле издавани од пајонското племе Дерони, веројатно по 513 г. пр.н.е. кога ова племе дошло во контакт со Персијците, а потоа продолжиле низ следниот век придружени со емисиите на другите племенски заедници.

На територијата на Р Македонија досега се регистрирани монети на племињата Дерони (**1**, **2**), Лаијаи (**3**), Орески, градовите Ихне (коишто веројатно можат да му се препишат на племето Ихнаи) и Лете, како и монети кои веројатно биле ковани во регионот на Крестонија или Мигдонија.

Дерони, триобол 500-480 г. пр.н.е.

Орески, трихемиобол, 490-480 г. пр.н.е.

На крајот од VI и во текот на V век пр.н.е., племињата кои ги населувале регионите на Пајонија, Македонија и Тракија влегле во своевидна монетарна унија, па нивните пари биле ковани со ист тежински стандард, имале исти номинали и иконографија која е блиска, но сепак со белег на посебност, а била поврзана со нивната религија и со секојдневниот живот. Парите што биле ковани пред 480 г. пр.н.е. содржат претстави само на аверсната (предната) страна, додека на реверсот (задната страна) е втиснат инкузен квадрат, отпечаток што настанал во самиот процес на нивната изработка.

Поголемите номинали најчесто содржат композиции на човек и говедо. Кај деронските и лајајските примероци (**3**) е прикажано некое локално божество или можеби самиот владетел во кола влечена од говедо. Сонцето, шлемот или растителниот мотив, коишто често се дел од аверсната композиција, можно е да претставуваат своевидни ковнички знаци.

Лајаи, октодрахма
по 480 г. пр.н.е.

Ихне, трихемиобол
500-480 г. пр.н.е.

Препознатлива претстава на монетите на Ихне е тркалото со четири пречници. Во линеарното писмо Б, со истиот знак се означувал зборот тркало, кое како значајна технолошка иновација во Европа се појавило во средината на вториот милениум пр.н.е. Тркалото, како дел од Сончевата кола, се доведува во врска со соларниот култ и е познато како сончево тркало. Овој универзален знак е еден од најстарите религиозни симболи во светот.

Дерони, хемиобол
по 480 г. пр. н.е.

Реалистични или стилизирани, соларните претстави се појавуваат и на деронските монети. Дека Пајонците имале посебен однос кон сонцето потврдува и античкиот филозоф Максим од Тир, кој вели дека тие сонцето го прикажувале како диск прицврстен на долг дрвен стап.

Мигдонија (?), диобол
500-480 г. пр.н.е.

Македонските племенски заедници биле во тесна врска со пајонските, па некогаш е тешко се разграничат едни од други. Меѓу обединувачките претстави кои се јавуваат на монетите е сонцето, кое подоцна ќе прерасне во препознатлив симбол на македонската кралска куќа на Аргеадите.

МОНЕТИТЕ НА ПАЈОНСКИТЕ ВЛАДЕТЕЛИ

Во Народната банка на Република Македонија се чуваат 180 монети кои биле ковани од пајонските владетели, меѓу кои има исклучително ретки и уникатни примероци. Еден таков примерок е диоболот на пајонскиот владетел Тевтај (**9**) за кој нема потврда во пишаните извори и единствено оваа монета го потврдува неговото постоење. Во однос на датирањето, досега се изнесени две претпоставки, според кои монетата е сместена во периодот меѓу 430-400 г. пр.н.е., односно 380-370 г. пр.н.е. Покрај Тевтај, уште пет владетели се посведочени единствено преку монети, определени како пајонски, а кои веројатно владееле со помали пајонски кнежевства и паралелно со познатата пајонска кралска династија која е потврдена во историските извори. Современици на Ликеј (с.359 - с.340 г. пр.н.е) веројатно биле Никарх и Симон, а на Патрај (340/335-315 г. пр.н.е.) Тевтамад и Диплај. Во истиот период веројатно владеел и Бастареј.

Тевтај, диобол

Ликеј (с.359/6 - с.340/35 г. пр.н.е) е првиот пајонски владетел кој ковал свои пари, тетрадрахми (**10-11**), драхми и тетроболи, а за кого има податоци во пишуваните извори. Мотивите на неговите пари асоцираат на поврзаност со македонската кралска куќа (Зевс, борбата на Херакле со немејскиот лав), а аверсната претстава на Аполон, дел од неговите тетрадрахми ги поврзува со ковниците во Олинт и Дамастиј.

Ликеј, тетрадрахма
с. 359/58-с.340 г. пр.н.е.

Ликеј, тетробол
с.359/58-с.340 г. пр.н.е.

Во Нумизматичката збирка на НБРМ се чува и еден уникатен тетробол на чија аверсна страна е претставен лав, а на реверсот има волк, кој се поврзува со етимологијата на името на Ликеј, но и со Аполоновиот епитетот - Ликеј (волчји).

Патрај, драхма (аверс)
с. 340/35-315 г. пр.н.е.

Во времето на следниот пајонски крал, Патрај (340/35-315 г. пр.н.е.) продолжило ковањето на истите номинали, тетрадрахми, драхми (**12-14**) и тетроболи (**15**), според пајонскиот тежински стандард. Аверсниот тип со претстава на Аполон на аверсната страна на тетрадрахмите исто така бил задржан од претходниот владетел. На неговите тетрадрахми се познати два типа на реверсни претстави, едната е со глава на коњ, којашто е поретка, а на другата има претстава на коњаник кој прободува паднат непријател. Особено е интересна аверсната претстава на неговите драхми и тетроболи каде што е претставен млад маж со тенија на главата, за кој се смета дека е портрет на самиот владетел.

Авдолеон, тетрадрахма пред 305 г. пр.н.е.

Патрај бил наследен од неговиот син Авдолеон (315 - 286/5 г. пр.н.е.) (**16-18**), кој ковал повеќе видови тетрадрахми, дидрахми, драхми и тетроболи на чии аверси најчесто е претставена Атина.

Во почетокот на своето владеење тој имал добри односи со Македонија, којашто во 310 г. пр.н.е. му помогнала во борбата против Автаријатите. Во периодот од 315 до 306 г. пр.н.е., монетите биле ковани според пајонскиот тежински стандард, претставите на неговите порани драхми биле блиски со оние на Патрај (портрет на кралот на аверсот и протом на дива свиња на реверсот), а еден тип на тетроболи на аверсот имаат претстава на Дионис, наместо вообичаената претстава на Атина. Во 306 г. пр.н.е. Авдолеон, следејќи го примерот на дијадосите ја зел титулата базилеј и почнал да издава тетрадрахми според атичкиот тежински стандард, коишто типолошки биле исти со оние на Александар III Македонски, што исто така било карактеристично за наследниците на Александар. Добрите односи со Македонија биле прекинати во времето на македонската династија на Антигонидите. Во 289-88 г. пр.н.е., кога Антигон Гонат го зазел главното пристаниште на Атина, Авдолеон го снабдувал градот со жито и за таа помош собранието донело одлука нему и на неговите наследници да им биде доделено атинско граѓанско право, а на агората да биде подигната негова бронзена коњаничка статуа.

Леон, бронза 278-с.250 г. пр.н.е

По келтската инвазија во 279 г. пр.н.е., територијата на Пајонија била опустошена и економската состојба не овозможувала кување сребрени пари, така што кралот Леон (278 - с.250 г. пр.н.е) издавал само бронзени пари во неколку различни номинали.

Дропион, бронза с. 250-230 г. пр.н.е.

Во времето на последниот пајонски крал Дропион (околу 250-230 г. пр.н.е.) била формирана заедницата (којнон) на Пајонците. Бронзените пари на чиј аверс има портрет на Севс, а на реверсот крилеста молња со легенда ΠΑΙΟΝΩΝ и монограм ΔΡ, најчесто се атрибуираат на овој крал.

Дамастиј, тетробол с. 350/45-330 г. пр.н.е.

Во врска со парите на пајонските владетели е градот Дамастиј (**4-8**), чиешто лоцирање сè уште е предмет на дискусии. Неговите тетрадрахми, драхми и тетроболи биле ковани од околу 395 г. пр. н.е., па до 325/320 г.пр.н.е, а циркулирале на просторот од Македонија, јужна Србија, Косово, Бугарија, сè до Романија. Овие пари биле ковани под влијание на парите на Халкидичка лига и нејзината ковница во Олинт, а самите влијаеле на пајонското кралско кување од средината на IV век пр.н.е.

МАКЕДОНСКИ МОНЕТИ

КОВНИЧКА АКТИВНОСТ НА МАКЕДОНСКИОТ БРЕГ

Во текот на VIII и VII век пр.н.е., хеленските полиси го колонизирале брегот на Егејското Море којшто бил населен со пајонски и т.н. македонско-тракиски племиња, а главен фактор биле трговските и истражувачките интереси.

Меѓу првите, свои колонисти доселиле два полиса од островот Евбоја, Халкида (Олинт, Тероне) и Еретрија (Дикаја, Менде (**41-41а**), Метоне). Набрзо и други полиси, меѓу кои и Коринт (Потидаја) почнале да основаат свои колонии. На островот Тасос (**28-30**), колонисти биле доселени од островот Парос и тие потоа го колонизирале градот Неапол (**44-45**). Во текот на V век пр.н.е., па сè до средината на IV век пр.н.е., овие колонии издавале свои парични единици, а покрај споменатите, автономни пари ковале и градовите Акант, Амфипол, Ејон (**38-40**), Лете, Олинт, Сермиле, Стагира, Трагил (**42-43**) и др.

Акант, тетробол (аверс) 424-380 г. пр.н.е.

Нумизматичкиот материјал потврдува дека постоело влијание во поглед на иконографијата и тежинскиот стандард помеѓу овие градови од една страна и монетоковањето на пајонските и т.н. македонско-тракиските племиња од друга страна.

Покрај употребата на пајонските и на македонските монети како официјални парични единици, на територијата на Република Македонија во овој период, иако во значително помал обем, циркулирале и парите на хеленските полиси. Нивното откривање на овие простори (сребрени статери, тетрадрахми, драхми, диоболи и оболи на Ајгина - **22**, Атина - **23-24** и Родос - **26**) сведочи за постоењето на трговските врски меѓу пајонскиот, македонскиот и хеленскиот свет.

МОНЕТИ НА МАКЕДОНСКИТЕ КРАЛЕВИ

Историјата на македонското кралско ковништво започнува со Александар I Филхелен (498-454 г. пр.н.е.). Имено, по повлекувањето на Персијците, околу 480 г.пр.н.е., започнало политичкото анектирање на областите Крестонија, Бизалтија и Мигдонија кон Македонија. Во регионот што го населувале Бизалтите се наоѓала планината Дисорон, позната по своите богати рудници од кои, според Херодот, Александар I добивал по еден талант сребро дневно (околу 26 кг). Пред 480 г. пр.н.е., заедницата на Бизалтите издавала свои монети чии претстави останале исти со нивното влегување во Македонското Кралство, така што практично овие монети, на чија реверсна страна било додадено името на Александар, претставувале негови први парични изданија.

Александар I, лесен тетробол 476/75-460 г. пр.н.е.

Покрај поголемите номинали, во периодот помеѓу 476/75 и 460 г. пр.н.е., Александар емитувал октооболи и тетроболи, обележени со буквите А и Н (**91-92**). Овој македонски паричен систем бил заснован врз феникискиот тежински стандард, односно бил негова редуцирана варијанта.

Пердика II, тежок тетробол 437/6-432/1 г. пр.н.е.

За време на своето владеење, Пердика II (454-413 г. пр.н.е.) водел мудра и флексибилна политика и склучувал сојузи во зависност од политичката ситуација, со што успеал да го зачува територијалниот интегритет на неговото кралство. Ковал само сребрени монети со помали номинални вредности - тешки и лесни тетроболи (**93-98а**), диоболи и оболи, можеби заради недостатокот од сребро со кој се соочувал, но и заради потребата од поголема монетаризација на неговата економија.

Неговите тетроболи и диоболи имаат иста иконографија како монетите на неговиот татко, но на оболите на Пердика II за првпат бил претставен Херакле, митскиот предок на Македонците.

Халкидичка лига, Олинт тетробол, 432/31-430 г. пр.н.е.

Во 432 г. пр.н.е., откако Атина влегла во сојуз со Филип, братот на Пердика II и со елимејскиот владетел Дерда, Пердика го поттикнал создавањето на Халкидичката лига којашто требала да биде негов сојузник во борбата против Атина. Во овој сојуз влегле градовите кои се наоѓале на Халкидик и веднаш потоа почнале да издаваат монети во име на оваа лига, кои биле ковани во градот Олинт.

Наследникот на Пердика II, кралот Архелај (413-399 г. пр.н.е.) (**99**) ја претворил Македонија во значајна економска сила во поширокиот регион. Во историјата е запаметен како голем градител и реформатор кој, меѓу другото, ја преселил македонската престолнина од Ајга во Пела и организирал македонски олимписки игри во Дион, бидејќи на „варварите" (оние кои не биле Хелени) им било забрането учеството на хеленските олимписки игри. Во новата престолнина Пела, довел истакнати хеленски уметници, каков што бил Еврипид, кој таму ја напишал трагедијата „Архелај". Практично, во периодот на неговото владеење се засилило хеленското влијание во македонското општество, коешто се разбира, во почетокот ги опфатило повисоките социјални слоеви.

Во однос на неговата монетарна политика, Архелај останал забележан заради реформата со која бил променет дотогашниот тежински стандард, односно за основа на паричниот систем бил прифатен т.н. лидиско-персиски стандард, но со локални карактеристики. Покрај тоа, повторно биле воведени големи номинали во сребро коишто требало да ги задоволат потребите на надворешната трговија. За потребите на локалниот пазар биле ковани поситни сребрени номинали, како и бронзени пари, коишто првпат биле воведени во употреба во 400 г. пр.н.е.

Архелај, обол 413-399 г.пр.н.е.

Се чини дека иконографијата на парите ја отсликува потребата на Архелај да го истакне своето аргеадско потекло. Очигледноста на оваа намера е забележлива преку изразеното присуство на претставата на Херакле, како и претставата на волкот, што требало да алудира на легендата за основањето на градот Арг.

Убиството на кралот Архелај во 399 г. пр.н.е., го означило почетокот на еден четириесетгодишен период на политичка нестабилност, предизвикана од честите промени на македонскиот престол. Меѓу ретките сведоштва за овој период се монетите на Аероп II (398/7-395/4 г. пр.н.е.) (**99а**), Аминта II (395/4 г. пр.н.е.), Павсаниј (395/4-393 г. пр.н.е.) (**100**), Аминта III (393-370/69 г. пр.н.е.) (**101-102**) и Пердика III (365-359 г. пр.н.е.) (**103**), коишто се чуваат во Нумизматичката збирка на НБРМ.

Аминта III, дидрахма
389-383 г. пр.н.е.

Аминта III бил оженет со Евридика, горномакедонска принцеза од Линк (регион околу Битола). Во овој брак биле родени тројцата идни македонски кралеви - Александар II, Пердика III и Филип II.

Во времето на Филип II Македонски (359-336 г. пр.н.е.), Македонија станала најмоќна држава на Балканот и историчарот Теопомп (с.378-с.330 г. пр.н.е.) со право забележал дека Филип II „бил најголемиот маж кој дотогаш го имала Европа“.

Филип II Македонски, тетрадрахма Амфипол, с.323/2- с.316/5 г. пр.н.е.

Во IV век пр.н.е., Хелените организирани во полиси се наоѓале во економска и политичка криза, што било резултат на нивните постојани борби за хегемонија. Во такви услови, Филип II, водејќи успешна надворешна и внатрешна политика, успеал да обезбеди подем на државата. Од особено значење била воената реформа со која ја создал македонската фаланга и ја подобрил воената тактика, а со тоа ги создал темелите за идните воени успеси на неговиот син, Александар III.

Меѓу неговите први успеси во 357 г. пр.н.е. било освојувањето на градот Амфипол, којшто претставувал значајна стратешка точка. Оттука бил контролиран патот кон Тракија и, што е уште позначајно, градот се наоѓал во близина на Пангејската Планина, богата со златна и со сребрена руда.

Филип II Македонски, статер Пела, с.340-с.328 г. пр.н.е.

Набргу по неговото доаѓање на власт, започнало ковањето на Филиповите сребрени пари во Пела, а околу 357/56 г. пр.н.е. и во Амфипол (**105**). Со монетарната реформа којашто била спроведена во 345 г. пр.н.е., Филип II, првпат во монетарната историја на Македонија, вовел златна номинала. Златниот статер (**104**) бил кован во истите ковници во кои биле произведувани сребрените пари, а заради флексибилност на монетарниот систем биле издавани и неговите фракции: 1/2, 1/4 (**104а**), 1/8 и 1/12 од статерот. За статерите бил користен атичкиот тежински стандард, додека за тетрадрахмите локалниот македонски тежински стандард.

Филип II Македонски, постхумна бронза, Амфипол

Паричниот систем на Филип II бил триметален, па покрај статерите и тетрадрахмите, во Пела и Амфипол веројатно биле ковани и неговите бронзени пари (**112-121**). Сите тие продолжиле да бидат ковани во негово име долго време по неговата смрт (**106-107**).

По смртта на Филип II, на престолот дошол неговиот син Александар III Македонски (336-323 г. пр.н.е.), еден од најголемите и најхаризматични војсководители во историјата на човештвото. Во текот на своето владеење успеал да ја прошири територијата на Македонија од Египет до Индија и на тој огромен простор во циркулација биле неговите златни, сребрени и бронзени пари кои се ковале во триесетина ковници низ целата Империја.

Моќта на Александар Македонски, како и високата чистота на металот од кој биле ковани неговите пари условиле овие монети да станат општоприфатено меѓународно платежно средство.

Александар III Македонски дистатер, Амфипол, с.330-320 г. пр.н.е.

Паричниот систем на Македонската Империја во овој период се засновал врз атичкиот систем. Златни деноминации биле дистатер, статер (**122,122а**), 1/2, 1/4 и 1/8 статер, а сребрени биле декадрахми, тетрадрахми (**123-128**), дидрахми, драхми (**129,130**), половина драхма, диобол, обол и половина обол, а било интензивирано и кованьето бронзени монети (**131-140**).

На аверсната страна на неговите тетрадрахми е претставен Херакле, а на реверсот врховниот бог, за кој е прифатено дека го претставува Севс. Меѓутоа, на идентичен начин, на монетите на перисискиот сатрап Masaj (361-334) е претставен фенискиот, односно каанскиот бог Баал, па нивната иконографија веројатно претставувала инспирација за македонските тетрадрахми. Пишуваните извори за боговите кои биле почитувани во Македонија потекнуваат од хеленски автори кои истите ги поистоветувале со боговите од сопствениот пантеон.

Баал

Македонски Севс

По смртта на Александар III, на територијата на Македонија циркулирале постхумните монети на Филип II и Александар III заедно со монетите на кралевите Филип III Аридеј (323-317 г. пр.н.е.) и Касандар (316-297 г. пр.н.е.).

Филип III Аридеј
статер, Вавилон, 323-317 г. пр.н.е.

Деметриј I Полиоркет
статер, Пела, с. 291-290

Антигон II Гоната
тетрадрахма,
Амфипол, по 271 г. пр.н.е.

Филип III по угледот на своите претходници издавал златни статери, сребрени тетрадрахми (**141**), драхми (**142,143**) и бронзени номинали (**144**), додека кралот Касандар, по сè изгледа, во свое име ковал само бронзени пари (**145-151**). Потребата за повисоки деноминации ја задоволувале постхумните изданија на Филип II и на Александар III.

Со доаѓањето на власт на Деметриј I Полиоркет (294-287 г. пр.н.е.), во Македонија се зацврстила династијата на Антигонидите. Овој македонски крал го добил својот епитет Полиоркет (Опсадник) по употребата на опсадни машини во нападот на Родос во 305 г. пр.н.е. Парите што биле издавани во почетокот на неговото владеење биле идентични со оние на Александар III Македонски, што било вообичаено и за другите наследници, но околу 292 г. пр.н.е., Деметриј вовел свој тип монети на чиј аверс е претставен неговиот портрет.

По победата над Келтите, во 277 г. пр.н.е., синот на Деметриј I Полиоркет, Антигон II Гоната (277/6-239 г. пр.н.е.) се прогласил за крал на Македонија. Според легендата, во текот на оваа одлучувачка битка, на бојното поле се појавил богот Пан кој внел метеж во редовите на Келтите, по што војската на Антигон извојувала победа. Легендата нашла свој одраз во монетната иконографија, така што покрај изборот на вообичаените претстави карактеристични за монетите на наследниците на Александар III, по 271 г. пр.н.е. бил воведен нов иконографски тип на тетрадрахма. На аверсот е претставен македонски штит со претстава на Пан во средината, чиј лик веројатно е со индивидуални портретни карактеристики на Антигон, а на реверсот е Атена Алкидем („заштитничка на народот"), којашто била почитувана во Македонија.

Филип V, тетрадрахма (аверс) Пела или Амфипол, с.220-211 г. пр.н.е.

Филип V (221-179 г. пр.н.е.) дошол на македонскиот престол по смртта на неговиот татко Демитриј II (230/29 г. пр.н.е.), кога имал само девет години, па управувањето со државата го презел Антигон Досон (229-221 г.пр.н.е.). Во 221 г. пр.н.е., Антигон погинал во битката со Илирите, по што Филип V завладеал со Македонија.

Овој македонски крал ковал статери, тетрадрахми, дидрахми, драхми (**159-161**), хемидрахми и бронзени монети (**162-184**). На аверсната страна на пораните тетрадрахми е претставен неговиот портрет, а подоцна тоа место го зазема македонскиот штит во чиј центар е митскиот јунак Персеј.

Филип V, тетрадрахма (аверс) Пела или Амфипол, 211-197 г. пр.н.е.

Во текот на владеењето на Филип V се одиграле Првата (**214-205**) и Втората македонска војна (**200-196**), кои постепено ѝ го отвориле патот на Римската Република за конечно освојување на Македонија. Имено, по поразот во Втората македонска војна, во која Римјаните биле во сојуз со дел од хеленските полиси, Македонците, покрај претрпените загуби, морале да ја предадат флотата и дел од војската, како и да платат воена отштета од 1 000 златни таланти (околу 26 тони злато).

Во следните години, со цел да ја стабилизира и да ја зајакне својата земја, Филип V презел повеќе реформи, меѓу кои била и фискалната реформа (по 188/87 г. пр.н.е.) со која било дозволено некои области и градови во Македонија да започнат со автономно ковање монети коешто се одвивало во постојните или во новоотворените ковници, а било под контрола на кралот. Во збирката на НБРМ се застапени монети на ковниците во Пела (**69-80**) (област Ботиаја, (**62**)), Тесалоника (**81-90**) (област Амфакситида, (**48**)), Амфиполис (**49-61**) (област Едонија), Лихнид (**63-66**) и областа Парореја (**67-68**).

Единствената античка македонска ковница за пари од тој период којашто се наоѓала на територијата на Република Македонија била сместена во градот Лихнид (Охрид). На аверсот на нејзините бронзени монети е претставен македонски штит со стровилос во средината (четворокрака или шестокрака ѕвезда со српести краци, варијанта на трискел или на сончева розета), а на реверсот - преден дел од брод и легенда ΛΥΧΝΙ/ΔΙΩΝ (**витрина 2**). Овие монети биле ковани по примерот на автономните сребрените монети на областа Ботиаја.

Лихнид, бронза, 187-171 г. пр.н.е.

Бронзените монети на Лихнид се исклучително ретки и од триесетина досега познати примероци може да се претпостави дека тие првенствено биле во функција на локалната економија.

Персеј
тетрадрахма, 179-168 г. пр.н.е.

Третата македонска војна (171-168 г. пр.н.е.) била одлучувачка во конечното решавање на политичката иднина на Македонија. Со цел да ја зацврсти позицијата на кралството, Персеј (179-168 г. пр.н.е.), син и наследник на Филип V, презел дипломатски активности со кои биле обновени односите со Хелада и бил склучен сојуз со Селвкидите во Азија. Во 172 г. пр.н.е., тој бил обвинет од римскиот Сенат дека планира повторно да ја потчини Хелада под македонска власт и во 171 г. пр.н.е. била објавена војната. Во почетокот, македонската фаланга имала успех и во 169 г. пр.н.е. римската легија била поразена, но по преземањето на командата од страна на Емилиј Паул, на 22 јуни 168 г. пр.н.е. Персеј ја изгубил битката.

Во текот на своето владеење, Персеј ковал тетрадрахми, дидрахми, драхми и бронзени пари (**185-193**) на кои често е претставен митскиот јунак Персеј, мотив кој бил воведен од страна на неговиот татко Филип V. На тетрадрахмите е претставен вистински портрет на кралот со дијадема. Во почетокот, неговите пари биле ковани според атичкиот тежински стандард што во целост бил прифатен во времето на Александар III Македонски, а го користеле и владетелите од династијата на Антигонидите. Во последните години од владеењето на Персеј, како резултат на економската криза којашто се појавила во текот на Третата македонска војна, тежината на тетрадрахмите била намалена од 17,20 г на околу 15,50 г.

Покрај монетите ковани во име на Персеј, во текот на целото негово владеење продолжило ковањето на автономните монети, тетроболи и бронзени монети, коишто биле воведени во времето на Филип V.

Најкарактеристичен мотив кој бил употребуван од страна на повеќето владетели на династијата Антигониди, е македонскиот штит кој бил национална гордост и симбол на етничкиот идентитет. Покрај неговата претстава на монетите, многу често со овој мотив биле украсувани предметите за секојдневна употреба, калапени чаши, чинии, тегови (III-II век пр.н.е.), што ја потврдува неговата голема популарност.

Автономно издание
тетробол, 187/6-174/73 г. пр.н.е.

Калапена чаша
Вардарски рид, Гевгелија,
крај на II/I век пр.н.е.

РИМСКИ МОНЕТИ

Најголемиот дел од монетите кои се наоѓаат во Нумизматичката збирка на НБРМ припаѓаат на подзбирката на римски монети. Станува збор за околу 12 000 римски провинциски, републикански и империјални монети ковани во долг временски интервал од 168 г. пр.н.е. до крајот на V век од новата ера.

МАКЕДОНИЈА ПОД РИМСКИ ПРОТЕКТОРАТ

По поразот на Македонците во 168 г. пр.н.е., државата била ставена под римски протекторат и поделена на четири области (мериди), коишто биле организирани како засебни административни единици. Рудниците од кои се добивала златна и сребрена руда биле затворени и со таа мерка монетоковањето била значително редуцирано.

Во периодот меѓу 168 и 166 г. пр.н.е. биле ковани бронзени монети на римските квестори Гај Публилиј (**208-213**) и Лукиј Фулкиниј (**214**), а набргу потоа и анонимните бронзени изданија со маска на Силен на аверсот и легенда D(ecreto)/ ΜΑΚΕ/ΔΟΝΩΝ на реверсот, чие место на ковање сè уште не е утврдено (**215-216**).

Прва македонска мерида, тетрадрахма, Амфипол, 158-150/49 г. пр.н.е.

Четврта македонска мерида, бронза, Пелагонија, 167-149 г. пр.н.е.

Амфипол, центарот на првата мерида, во истиот период започнал да издава тетрадрахми со претстава на Севс на аверсот и Артемида Тавропол со легенда ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ ΠΡΟΤΗΣ на реверсот. По повторното отворање на рудниците во 158 г. пр.н.е., монетното производство на Амфипол значително било зголемено (**217-222**), а сребрени тетрадрахми ковала и Тесалоника, центарот на втората мерида. На овие тетрадрахми е претставена Артемида во македонски штит на аверсот, а на реверсот е суровицата на Херакле со легендата ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ ΠΡΟΤΗΣ во дабов венец. Досега не се регистрирани монети на центарот на третата мерида, Пела.

Градот Пелагонија, чија локација сè уште претставува предмет на истражување, бил центар на четвртата македонска мерида и издавал бронзени монети, од кои досега се познати два типа, Атина // Диоскури на коњ и Севс //суровица во дабов венец (**223-224**).

МАКЕДОНИЈА - РИМСКА ПРОВИНЦИЈА

Формалната автономија која ја имала Македонија не траела долго и по неуспешното востание на Андриск (Псевдо Филип) во 148 г. пр.н.е., таа станала римска провинција. Во овој период било дозволено ковање тетрадрахми со легенда ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ и ΛΕΓ ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ од типот Артемида во македониски штит на аверсот и суровица во дабов венец на реверсот. Сребрени пари биле ковани и од римскиот квестор Ајсилас (**225-227**) и легатот Сура чии монети ја носат легендата ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ и претстава на главата на Александар III Македонски.

Ајсилас, тетрадрахма, Тесалоника, с.90-70 г. пр.н.е.

Во времето на Август (31 г. пр.н.е. - 14 г. н.е.), во римските провинции биле обновени или организирани провинциски органи што требало да се грижат за царскиот култ. Четирите мериди биле организирани во македонски којнон (заедница) на чие чело стоел свештеник, најчесто римски граѓанин, кој бил одговорен за јавните игри во чест на императорскиот култ. Овие игри биле одржувани во текот на годишното собрание во Бероја, административниот центар на македонскиот којнон, но и во Тесалоника. Заедницата имала право да издава свои монети и веројатно во Тесалоника биле ковани бронзени монети без портрет на император со легенда ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ (**352-354**), монети со портрет на император и неговата титула на предната страна, со легенда ΣΕΒΑΣΤΟΣ ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ, ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ на задната страна (**355-357**), а од времето на Веспасијан (69-79 г.) била воведена легендата ΚΟΙΝΟΝ ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ (**358-367**).

Псевдоавтономна монета на македонскиот којнон бронза од времето на Гордијан III, 238-244 г.

Покрај култот на императорот, во текот на III век бил засилен култот кон Александар III Македонски, па во негова чест во Бероја биле ковани т.н. псевдоавтономни монети со претстава на неговата глава на аверсот, а на реверсот легендата ΚΟΙΝΟΝ ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ (**368-380**) и симболи или претстави поврзани со македонската историја и митологија.

МОНЕТИ НА МАКЕДОНСКИТЕ ГРАДОВИ ПОД РИМСКА ВЛАСТ

Монетите кои биле емитувани во име на градовите претставуваат вообичаен тип на римското провинциско монетоковање. Тие најчесто биле ковани во бронза и се употребувале локално, па на територијата на Р Македонија, меѓу I и III век, во циркулација биле монетите на градовите од провинцијата Македонија, Амфипол (**228-236**), Бероја (**278**), Едеса (**279-284**), Тесалоника (**243-267**), муникипиумот Стоби (**285-351**), колониите Касандреја (**277**), Дион (**268-270**), Пела (**237-242**) и Филипи (**274-275**).

СТОБИ

Меѓу мноштвото градови кои во римскиот империјален период добиле дозвола да издаваат пари, на територијата на Р Македонија денес се наоѓа единствено Стоби. Од таа причина, подзбирката на стобиски монети во нумизматичката збирка на НБРМ постојано се збогатува и денес, со 2 500 монети, таа претставува најголема јавна збирка на стобиски монети во светот.

Авионска фотографија на локалитетот Стоби

Локалитетот Стоби се наоѓа во близина на Градско, кај Велес, на местото каде што Црна Река се влева во Вардар. Археолошките истражувања покажуваат дека животот на античката населба се одвивал непрекинато од периодот од VII до VI век пр.н.е., па сè до крајот на VI век н.е. Во римскиот период, Стоби бил најголем град во провинцијата Македонија Салутарис (подоцна Македонија Секунда) и во него постоела римска заедница за чие значење зборува и добивањето муникипијален статус во 69 г., со што жителите на Стоби добиле *ius Italicum* и станале граѓани на Рим.

Марк Аврелиј, номинал II
Стоби, 161-180

Муникипијалниот статус му овозможил на градот ковање сопствени бронзени монети, коешто започнало на крајот на I век и траело до 217 г. Во музејската поставка на НБРМ е претставена историјата на стобиското монетоковање, при што се изложени "псевдоавтономни" монети (**285-290**), потоа монети на единаесет римски императори во чие име биле ковани парите, како и членови на нивните семејства (**291-367**). Легендите на монетите се пишувани на латински јазик, на реверсот во полна или во скратена форма е испишано името на градот MVNICIPIVM STOBENSIVM.

РИМСКИ ДЕНАРИ

Со паѓањето на Македонија под власт на Римјаните, покрај провинциските монети, во првата половина на I век пр.н.е., во циркулација на територијата на Република Македонија влегол и римскиот денар.

Минукиј Авгурин
денар (аверс), Рим, 135 г. пр.н.е.

Денарот е сребрена монета која во Римската Република била воведена во оптек околу 211 г. пр.н.е. Името потекнува од лат. deni, "по десет" што ја означувало неговата првобитна вредност од 10 аса, која на дел од денарите е означена со ознаката X. Според оваа номинала е именувана и денешната македонска валута.

Римски републикански тежински стандард и номинали (околу 100 г. пр.н.е.)				
1 денар	2 квинара	4 сестертии	16 аса	4,5 г сребро
	1 квинар	2 сестертија	8 аса	2,25 г сребро
		1 сестертиј	4 аса	1,13 г сребро
			1 ас	11 г бронза

Во републиканскиот период, монетите биле ковани во името на монетарните магистрати. На аверсот најчесто е претставена Рома, а на реверсот сцени од римската митологија, историја, како и прикази на значајни политички и воени настани.

Таков е примерот со републиканскиот денар од 62 г. пр.н.е., на чија реверсна страна е прикажан Ајмилиј Лепид Паул (римскиот војсководител кој извојувал победа над последниот македонски крал Персеј) и тројца заробеници, Персеј и неговите двајца синови (**424**).

Победа на Ајмилиј Паул над Македонија била прославена во Рим, каде што три дена триумфалните поворки го прикажувале воениот плен кој, меѓу другото, се состоел од огромен број уметнички дела, садови од благородни метали и пари. Според Плутарх, сребрените пари биле носени во седумстотини и педест садови, од кои секој содржел по три таланти (1 талант = околу 26 кг), а златните - во седумдесет и седум сада по три таланти. Богатиот воен плен толку ја збогатил државната каса, што народот не плаќал посебни даноци сè до 43 г. пр.н.е.

Л. Ајмилиј Лепид Паул
денар (реверс), Рим

РИМСКИ ИМПЕРИЈАЛНИ МОНЕТИ

Римскиот империјален период започнува со доаѓањето на Октавијан Август (27 г. пр.н.е - 14 г.) на власт. Во овој период императорот ја имал контролата врз ковењето на златните и на сребрените монети, а бронзени монети биле контролирани од Сенатот и означувани со буквите S C („Senatus Consulto").

Иако златниот ауреус првпат бил пуштен во оптек во 84 г. пр.н.е., неговото поинтензивно емитување се случило во времето на Октавијан Август. Покрај ауреусот, околу 20 г. пр.н.е. во циркулација биле: сребрениот денар, бронзените сестертиј, дупондиј, ас и семис. Покрај овие пари, по разни поводи биле ковани и медаљони, коишто не биле наменети за редовна циркулација (**509**).

Домитијан
сестериј, Рим, 86 г.

Октавијан Август
ауреус, Лугдунум, 11-10 г. пр.н.е.

Во текот на II, а особено во III век постепено била намалувана чистотата на среброто во денарите, што довело до нивно обезвреднување. Со монетарната реформа спроведена од страна на императорот Каракала (211-217) во 215 г. бил воведен антонинијан, нова сребрена монета именувана според неговото име - Марк Аврелиј Антониниј. Покрај антонинијанот, во оптек биле и златниот ауреус, билоновиот денар и бронзениот сестертиј, кој последен пат бил искован во седумдесеттите години на III век.

Антонинијанот (**561-578**), кој во почетокот тежел 5,11 г, содржел од 50% до 40% сребро и бил со вредност од два денари, набргу по воведувањето почнал да се дебазира. При крајот на владеењето на Галиен (253-268), сребрените антонинијани практично биле бронзени пари со многу тенка сребрена навлака, а покрај тоа бил намален и нивниот дијаметар. Со цел да го обнови веќе обезвреднетиот антонинијан, околу 273 г. императорот Аврелијан (270-275) презел монетарна реформа, со која била зголемена тежината на антонинијаните, а била подобрена и содржината на сребро во нив. Истовремено, во оптек биле и повторно воведениот сребрен денар, сестертијот и асот, а била зголемена и тежината на ауреусот.

Кон средината на III век во отсечокот на реверсната страна на монетите започнало обележувањето на името на ковницата и на работилницата (официната) во која таа била искована. На овој начин била зголемена контролата врз работата на ковничките власти, а биле контролирани и самите ковачи на пари.

МОНЕТАРНИТЕ РЕФОРМИ ВО ПЕРИОДОТ НА ДОЦНОРИМСКОТО ЦАРСТВО

Една од најтемелните монетарни реформи во историјата била спроведена од страна на Диоклетијан (284-305) од околу 286 г. до околу 296 г. Со реформата била коригирана тежината на ауреусот, а биле воведени сребрен аргентеј (**595**, **596**, **607**, **615**) и фолис или нумус, бронзена монета со сребрена навлака. Во 301 г. бил донесен Едикт за цените (Edictum de pretiis rerum venalium) со кој се утврдувале максималните цени на одредени стоки, а непридржувањето до него повлекувало ригорозни санкции. Монетарната реформа и Едиктот за цените за кратко време ја запреле инфлацијата, но набргу Едиктот се покажал како несоодветен за контролирање на инфлацијата, па наместо да ги намали цените, тие пораснале до легалниот максимум, а се зголемила и трговијата на црниот пазар.

Диоклетијан
аргентеј, Никомедија, 295 г.

Во 309 г., Константин I (306-337 г.) повторно спровел монетарна реформа со која била воведена нова златна номинала - солид (**654**) и негова фракција семис. Околу 324 г. биле воведени и две нови сребрени парични единици, милиаренс и силиква (**700-702**).

Константин I
солид (аверс), Арл, 313 г.

Тежински стандард и номинали во време на Константин I						
1 солид	2 семиса	12 милиаренси	24 силикви	240 нумуси	4,55 г	злато
	1 семис	6 милиаренси	12 силикви	120 нумуси	2,25 г	злато
		1 милиаренс	2 силикви	4,55 г		сребро
			1 силиква	3,02 г, подоцна 2,27 г		сребро
				1 нумус	3,05 г	бронза

Се претпоставува дека бронзените нумуси воведени од Константин I во 317-18 г. се викале кентенионали. Со реформата на Константиј II и Констанс во 348 г., тие биле демонетизирани, а биле воведени нумуси со поголема тежина (AE 3), коишто можеби го носеле називот мајорина.

Гратијан, солид,
Тревери, 367-375

Во времето на Гратијан (367-383), на солидите била вметната ознаката OB (obryziacum) во ознаката за ковницата како гаранција за чистотата на златото (**742**). Покрај оваа новина тој го реформирал и бронзеното ковништво со тоа што биле додадени две нови номинали.

Теодосиј I (379-395) го вовел тремизот (**760**), со што, заедно со семисот, солидот станал стабилна валута.

ХРИСТИЈАНСКИ СИМБОЛИ И ИКОНОГРАФИЈА НА ПАРИТЕ ВО IV И ВО V ВЕК

По потпишувањето на Миланскиот едикт во 313 г. од страна на Константин I (**655**) и на Ликиниј I (**641**), христијанството било официјализирано како религија рамноправна на другите религии во Царството. Христијанските симболи постепено навлегувале во монетната иконографија. Во почетокот тоа биле мали симболи, најчесто христограм (христовиот монограм), кој некогаш се наоѓа на воениот знак (**705**, **706**, **709**, **711**, **713** и **714**), а понекогаш го пополнува целото реверсно поле. Денешниот најпрепознатлив христијански симбол, крстот, во монетната иконогафија се појавил дури во V век. На монетите на Магнентиј и на Константиј II, христограмот понекогаш е комбиниран со буквите алфа и омега - Христос е алфа и омега, почеток и крај (Јовановото откровение). Дискретно присуство на христијанска иконографија на парите е забележливо и во претставата на Константин I со подигната глава (**670**) којашто, веројатно, треба да сугерира став на човек што се моли.

Христограм на лабарум
Констанс II, нумус (детаљ)
Сискија, 337-340

Константиј II,
нумус (реверс)
Сирмиј, 351-355

Покрај симболите поврзани со христијанството, на монетите на Константиј II, Ветраниј и на Константиј Гал се јавува инскрипцијата HOC SIGNO VICTOR ERIST (со овој знак победувај) (**709**). Според легендата што ја пренесува историчарот Евзебиј во делото „Животот на Константин" (Vita Constantini), Константин I пред битката кај Милвискиот мост имал визија во која сонцето се претворило во крст, а потоа се појавиле овие зборови. Во битката, војниците на Константин I и Ликиниј I носеле штитови на кои се наоѓал Христовиот монограм. Константин извојувал победа и во 313 г. бил потпишан познатиот едикт.

Лав I, солид (реверс)
Константинопол, 462 или 466

Повеќе иконографски типови, чии зачетоци се во V век, нашле свое продолжение во следните векови на византиското монетоковање. Во 422 г. Теодосиј II (408-450) го вовел реверсниот тип Викторија, налево, со долг крст во раката, а во 425 г. на неговите монети се појавила претставата на глобус со крст, кој ја симболизира божествената вселенска моќ на императорот (**468**).

ВИЗАНТИСКИ МОНЕТИ

РАНОВИЗАНТИСКО МОНЕТОКОВАЊЕ

Анастасиј I
40 нумии, Константинопол, 512-517

Во нумизматичката збирка на НБРМ се чуваат околу 1500 монети коишто биле емитувани во VI и во VII век од страна на девет византиски владетели.

Почетокот на византиската нумизматика најчесто се поврзува со монетарната реформата на Анастасиј I (491-518) во 498 г., со која биле воведени нови бакарни пари, додека златното ковање останало непроменето, па во оптек биле златните солиди (**779-783**), семиси и тремизи (**784**). Покрај драстичното зголемување на тежината во однос на доцноримските монети, новите бакарни пари добиле и ознака за вредност според хеленскиот нумерички систем, која била забележана на нивната реверсна страна. Со „М“ (40 нумии) бил обележуван фолисот (**785-786**), со „К“ (20 нумии) полуфолисот (**788-789**) и со „I“ (10 нумии) деканумијата. Со реформата во 512 г. двојно била зголемена тежината на бакарните монети, а била додадена и нова номинала, 5 нумии, обележана со Е (**789**). Парите биле ковани во четири ковници: Константинопол, Тесалоника, Антиохија и Никомедија.

Во времето на Анастасиј биле воведени промени и во даночната политика со тоа што бил укинат данокот хрисаргирон, којшто го плаќале трговците и занаетчиите, додека данокот за земја, анона, бил собиран во пари со што се зајакнала паричната економија во селата. Покрај тоа, постоел и принуден откуп по ниски цени, со кој државата ги задоволувала своите потреби. Како резултат на успешната фискална политика, Прокопиј забележал дека државните резерви биле зголемени на 320 000 фунти злато (околу 105 тони).

По смртта на Анастасиј, со помош на војската, на императорскиот престол бил поставен Јустин I (518-527), роден во населбата Бадеријана (с. Бадер), која се наоѓала во близина на Скупи (денешно Скопје).

Монетите кои биле ковани во негово време (**790-797**) имаат иста иконографија како и монетите на Анастасиј I. Единствената промена се случила во 522 г., кога женската претстава на Викторија на реверсната страна на константинополските солиди била трансформирана во машки ангел со едноставно отстранување на појасот од нејзинот хитон.

Јустин I,
солид (реверс),
518-522 г.

Јустин I,
солид (реверс),
522-527 г.

Биста на Јустинијан I солид (аверс), Константинопол, 542-552

Петрус Сабатиј или Јустинијан I (527-565) бил роден околу 483 г. во Таврисиј (Таор), Скопско. Како внук на Јустин I во 525 г. ја добил титулата кајсар, а на 4 април 527 г. бил прогласен за август и негов совладетел. Нивното заедничко владеење траело само 4 месеци, што е причина за реткоста на монетите ковани во името на ова совладетелство (**798**).Во историјата останал запаметен по неговите напори да ја возобнови Римската Империја, по кодификацијата на римското право, како и по огромниот број градби коишто биле подигнати низ целата Империја.

Јустинијан I, 40 нумии Никомедија, 539-540

Јустинијан I бил христијанин, убеден во божественето потекло на својата власт, што особено може да се забележи на неговите реформирани солиди на чиј аверс императорот, наместо дотогашното копје, држи глобус круцигер. Претставувањето на глобусот со крст го условило и свртувањето од тричетвртинска во анфасна биста на солидите (**801-806**), односно од профилна во анфасна на поголемите бакарни номинали (**814-822**). Со реформата од 538 година се случила уште една значајна промена, а тоа било воведувањето на индикциска година на реверсната страна на бакарните пари, а како реализација на законот којшто бил донесен претходната година.

Со експанзионистичката политика на Јустинијан, Империјата била значително зголемена, што условило и отворање нови ковници кои требало да ги задоволат потребите на новите провинции.

Јустин II, 40 нумии (аверс)
Константинопол, 569-570

Во текот на своето владеење, Јустин II (565-578) се обидел да ја санира економската состојба во Византија со плаќање на државните долгови, намалување на даноците и воспоставување контрола врз емисиите на пари. Со цел да биде намален притисокот врз државната каса, Јустин II ја редуцирал тежината на фолисот на 13,5 г, а биле прековувани и монети на неговиот претходник. Ова е особено карактеристично за изданијата на Тесалоника во првите години на неговото владеење, кога монетите со вредност од 16 нумии биле прековувани врз 20-нумиски номинали.

Од иконографски аспект, Јустин II ја заменил реверсната претстава на ангел со паганската престава на Константинопол со глобус со крст, единствениот христијански симбол присутен на солидите (**835**). Аверсот на фолесите и на полуфолесите е препознатлив преку претставата на владетелскиот пар (**839-840**). Софија е првата жена чиј стилизиран лик се наоѓа на византиските монети и воедно прва императорка која е претставена паралелно со императорот. Формално, правото на своето присуство врз бакарните монети Софија го обезбедила со раѓањето машко дете.

Тибериј II, солид (реверс)
Константинопол, 578-582

Во времето на Тибериј II Константин (578-582), на аверсната страна на солидите повторно биле вратени христијанските симболи, а на реверсната страна, наместо дотогашната фигуративна претстава, бил поставен крст на четири скалила (**843**).

Маврикиј, тремиз (аверс)
Константинопол, 583/4-602

Периодот на владеењето на императорот Маврикиј (582-602) (**847-850**) бил одбележан со постојани војни кои ја исцрпиле државната каса, поради што тој бил принуден да ги зголеми даноците. Станува збор за војната со Персија од една страна, како и за упадите на Аварите и Словените кои сè почесто го минувале дунавскиот лимес и ја пустошеле Византиската Империја за што, меѓу другото, сведочат и големиот број остави со пари што се откриваат денес. Најголемата остава со исклучиво бакарни рановизантиски пари којашто е досега регистрирана во светот е дел од Нумизматичката збирка на Народната банка на Република Македонија. Таа содржи 1 023 монети и била засолнета околу 583/84 година во екот на овие упади. Историчарот Евагриј, современик на Маврикиј, вели: „...Аварите стигнаа двапати до Големиот Sид, Сингидунум, Анхијал, цела Хелада и други градови и тврдини освоија и ограбија, уништувајќи и спалувајќи сè бидејќи огромната војска престојуваше на исток...“

Овие состојби траеле прилично долго и на крајот, во 602 г., завршиле со бунт предводен од младиот офицер Фока. Фока (602-610) го обележал своето владеење со обид да ја консолидира државата и меѓу првите чекори кои ги презел било намалувањето на даноците. Оваа постапка била дочекана со одобрување во Константинопол, но набргу станало јасно дека фискалната политика на Маврикиј била неопходна поради војните што ги водело Царството.

Фока, солид (аверс)
Константинопол, 607-609

Ираклиј, солид (аверс)
Константинопол, 616-625

Констанс II, солид (аверс)
Константинопол, 651/2-654

Главна иконографска карактеристика на парите што биле ковани во VII век, почнувајќи со солидите на Фока (**851-854**), е внесувањето портретни карактеристики, што не било вообичаено за VI век.

Солидите и фолесите на Ираклиј (610-641) од првите години на владеењето се одликуваат со напуштањето на воените атрибути и воведувањето цивилна наметка (хламус) (**859**), која подоцна на бакарните пари повторно била заменета со оклоп и шлем. На реверсот на златните пари повторно бил вратен крстот, востановен од Тиберија II Константин.

Подоцнежните солиди на Констанс II и на Константин IV, емитувани во име на нивното совладетелство, содржат впечатливи претстави на императорот со нагласени брада и мустаќи (**860-861**).

Во текот на VII век, на целата територија на Византиската Империја се забележува намалена циркулација на бакарни пари во однос на златните и на сребрените номинални вредности (бидејќи сребреното ковање во VI век било занемарено, во 615 г. бил воведен сребрениот хексаграм, кој претставувал единица помеѓу златниот тремиз и бакарниот фолис). Од територијата на Р Македонија потекнуваат десетина примероци на бакарни пари, дел од една остава со дванаесет сребрени хексаграми и дел од една остава со триесет и два златни солиди и тремизи којашто е дел од Нумизматичката збирка на НБРМ, депонирана во времето на Констанс II (641-668). Една од причините за намалената циркулација на пари е монетарната политика. Во овој период работеле пет ковници на пари, од кои само Константинопол бил активен во источниот дел на Империјата, додека преостанатите четири - Сицилија, Равена, Рим и Картагина, во западниот дел.

СРЕДНОВИЗАНТИСКО МОНЕТОКОВАЊЕ

Од VIII до почеток на XI век, монетоковањето било поедноставено со елиминирање на сите фракции и се состоело од три номинали ковани во три метали. Солидот, кој бил воведен уште во IV век и во овој период останал со непроменета чистота на златото, а околу 720 г. Лав III ја вовел новата сребрена номинала, милиаресиј. Во времето на Теофил (829-842) престанало ковањето фолеси со ознака за вредност „М“ и започнало ковање фолеси кои на реверсната страна содржат четиреден натпис.

злато	сребро	бронза
1 солид или номизма (4,5 г)	= 12 милиаресии	= 288 фолеси

Константин VI (780-797)
Милиаресиј, Константинопол

Освен еден милиаресиј на Константин VI (780-797), кој е дел од Нумизматичката збирка на НБРМ, во Р Македонија, досега не е регистрирана друга монета од периодот на првото владеење на Јустинијан II (685-695), па сè до Теофил (829-842).

Поинтензивна употреба на пари, најчесто златни и сребрени, на почвата на Р Македонија започнала во времето на Теофил (829-842). Во збирката на НБРМ се чуваат два солида (862), еден милиаресиј и еден фолис емитувани од овој владетел. Во историските извори е забележано дека во дваесеттите години на IX век, покрај другите даноци, сите даночни обврзници морале да плаќаат и димнина, данок кој изнесувал 2 милиаресија. Ретката присуство на бакарни монети на територијата на Р Македонија сè до времето на Лав VI Мудриот (886-912) (**864**,**865**) значи дека во овој период секојдневните трансакции се одвивале по принципот на натурална размена, а монетите од благородни метали служеле за плаќање на обврските кон државата. Плаќањето данок значи дека државата има контрола над територијата од која е собиран тој данок.

Во времето на Јован I Цимискиј (969-976) биле пуштени во оптек анонимни фолеси (**889-893**), наречени така бидејќи не ги содржат името и претставата на владетелот што ги емитувал. На аверсот секогаш е претставата на Исус Христос, а на реверсот има натпис во неколку реда, со религиозна содржина, како „Исус Христос, крал над кралевите“, „Исус Христос, победувај“ и др.

Анонимен фолис (реверс)
Константинопол, 976(?)-1030/35

Во времето на Константин X (1059-1067), византиската нумизматичка иконографија повторно го вклучила претставувањето на царот, сам или заедно со претставата на Исус Христос (**885**) или на Богородица. Овие пари паралелно циркулирале со анонимните фолеси сè до 1091 г.

На крајот од X и почетокот на XI век, територијата на Македонија претставувала центар на Самуиловото Царство. Царот Самуил (997-1014), прво од Преспа, а потоа од Охрид, владеел со една огромна територија, која ги вклучувала и денешните соседни држави. И покрај големата моќ, Самуил не емитувал свои пари, што и не е невообичаено ако се има предвид дека и првите средновековни владетели на царствата што биле создадени на Балканот немале свое ковање. Наместо тоа, на нивната територија биле во оптек официјалните парични изданија на Византиската Империја.

Константин IX Мономах
номизма хистаменон (реверс)
Константинопол, 1042-1055

Алексиј I Комнен
хиперпирон (реверс)
Тесалоника, 1092/93-1118

Во втората половина на XI век, циркулацијата на пари на територијата на Р Македонија била зголемена, а една од причините била фискалната реформа во 1042 г., која била преземена од страна на братот на царот Михаил IV Пафлагонецот (1034-1042), а со која данокот во натура бил заменет со данок во пари. Покрај тоа, зголемената монетаризација може да се објасни и со распаѓањето на Самуиловата држава и потпаѓањето на македонската територија под византиска контрола, како и со инфлациските процеси, кои во овој период зеле замав.

Почнувајќи од X век, тежината и чистотата на металот на солидите и на милиаресите почнала да се намалува и веќе во XI век тие биле значително дебазирани. Во времето на Константин IX Мономах (1042-1055) овој процес бил придружен со појавата на нова конкавна форма на монетите (**880-881**).

Во 1091 г., Алексиј I Комнен (1048-1118) презел монетарна реформа со која биле воведени златен хиперпирон (**895-897**), електрумска аспрон трахеја, билонова трахеја (**898**), бронзен тетартерон и полутетартерон.

Тежински стандард и номинали во време на Алексиј I Комнен				
злато	**електрум**	**билон**	**бронза**	
1 хиперпирон (4,5 г)	3 аспрон трахеи	48 аспрон трахеи	84 тетартерони	1728 полутетартерони
	1 аспрон трахеја (4,5 г)	16 аспрон трахеи	288 тетартерони	576 полутетартерони
		1 аспрон трахеја (3,5-4,5 г)	18 тетартерони	36 полутетартерони
			1 тетартерон (3,5-4,5 г)	2 полутетартерони
				1 полутетартерон

ДОЦНОСРЕДНОВЕКОВНИ МОНЕТИ

По заземањето на Константинопол од страна на крстоносците во 1204 г., некогашното Византиско Царство било поделено на повеќе независни држави. Во текот на XIII век, различни делови од територијата на Македонија наизменично влегувале во составот на разни држави, па на оваа територија циркулирале парите на Солунското Кралство (**926-933**), Епирскиот Деспотат (**934**), Латинското Царство (**920-922**), Никејското Царство (**924-925**), Второто Бугарско Царство (**923**), српската средновековна држава и парите на венецијанските дуждови.

ДОЦНОВИЗАНТИСКО МОНЕТОКОВАЊЕ

Византиските пари коишто биле емитувани во овој период претставуваат продолжение на дотогашното византиско монетоковање, но се забележува голем пад на тежината, а била намалена и чистотата на металот. Од друга страна, овие монети имаат побогата иконографија од претходниот период.

Во времето на Јован III Дука Ватац (1222-1254) (**924,925**) територијата на Никејското Царство била двојно зголемена. Со цел да ја зајакне економијата, овој цар настојувал да го развива домашното стопанство и го забранил купувањето луксузни производи од странско потекло. Сите требало да се задоволат „со тоа што го раѓа римската земја и римските раце го произведуваат", а царот се обидел тоа да го потврди со свој пример, па круната на царицата била изработена со парите кои биле заработени од продажбата на јајца од царскиот имот.

Јован III Дука Ватац хиперпирон (реверс) Магнезија, 1232-1254

ВЕНЕЦИЈАНСКИ ГРОШЕВИ И СРПСКИ ДИНАРИ

Венецијанскиот грош (**941-944**), кој бил воведен во времето на дуждот Енрико Дандоло (1192-1205), со својата стабилна тежина од 2,17 г и непроменливата чистота на среброто од 98,5%, станал доминантно платежно средство во трговијата низ Медитеранот.

Раниери Зено (1253-1268) грош (реверс), Венеција

Караванската трговија која се одвивала помеѓу Венеција и внатрешноста на Балканот била главна причина за циркулација на венецијанските грошеви на територијата на Македонија, паралелно со парите на византискиот монетарен систем. Нивното присуството започнало набрзо по воведувањето и со различен интензитет продолжило сè до потпаѓањето на овие области под османлиска власт.

Во втората половина на XIII век, паралелно со венецијанските грошеви во Македонија циркулирале динарите на српските владетели (**945-958**). Српската средновековна држава почнала да емитува свои пари во времето на кралот Радослав (1227-1234), но дури по освојувањето на северниот дел на Македонија од страна на кралот Милутин во 1282 г. тие станале доминантна парична единица на овие простори. Српските динари во почетокот ги имитирале венецијанските грошеви, а од првата половина на XIV век динарите добиле чисто византиска иконографија. Покрај овие промени, и инскрипциите од латински се смениле во кирилски.

Стефан Душан (1346-1355) динар (аверс)

Кралот Стефан Душан ја преместил престолнината од Призрен во Скопје, каде што бил крунисан за цар на 16 април 1346 г. Три години подоцна, повторно во Скопје, бил донесен Душановиот законик. Меѓу другото, со овој Законик било регулирано и правото на издавање пари, со што на златарите им се забранувало да коваат пари на други места освен во градовите во кои се наоѓа царска ковница. „Ако се пронајде златар во градот кој кова пари тајно, златарот да се изгори, а градот да плати глоба, како што рече цар“.

Јакоб Хаверин, Гравура на Скопје (детаљ), 1594

МОНЕТИТЕ НА САМОСТОЈНИТЕ ВЛАДЕТЕЛИ ВО МАКЕДОНИЈА

По распаѓањето на српската средновековна држава на територијата на Македонија, во втората половина на XIV век биле формирани неколку кралства и благороднички поседи чии владетели ковале свои пари.

Во 1365 г. Волкашин, од семејството Мрњавчевци, бил крунисан за совладетел на српскиот цар Урош, а три години подоцна се прогласил за крал. Бидејќи не потекнувал од династијата на Немањичевците, српските кнезови се спротиставиле, што довело до битката на Косово Поле, во која извојувале победа Мрњавчевците. Кралството на Волкашин, кое според престолнината Прилеп е познато како Прилепско Кралство, се протегало од Костур на југ, потоа на целата територија на Р Македонија до Косово со градовите Призрен, Приштина, Ново Брдо и Рудник, а било под црковна власт на Охридската архиепископија.

Познато е дека една од ковниците на кралот Волкашин се наоѓала во Призрен, но сигурно дека кованьето на неговите динари било организирано и во Македонија. Со исклучок на најраниот, совладетелски, тип на Волкашин (**959**), аверсот на преостанатите негови динари (**960-963**), како и монетите на другите владетели во Македонија, содржи четиреден натпис, додека на реверсот е претставен Исус Христос.

Волкашин, 1365-1368
динар (аверс)

Во средината на XIV век, по долината на реката Брегалница господарел деспотот Јован Оливер (**967**), а по неговата смрт со оваа област завладеале браќата Јован и Константин Драгаш.

По смртта на Волкашин во 1371 г., престолот бил наследен од страна на неговиот син Марко (1371-1395), кој бил издигнат во легендарен национален херој, опеан во народната поезија и проза како Крале Марко.

Марко ковал сребрени динари (**965**), коишто се значително поретки од динарите на неговиот татко. Во истиот период започнало кованьето на динарите на кралицата (**964**), кои иако не го носат нејзиното име, веројатно ѝ припаѓале на мајката на Марко, односно жената на Волкашин, Елена. Покрај динарите на Марко и на Елена, по 1371 г. свои пари издавал господарот на Охрид, жупанот Андрија Гропа (**968**), а во осмата деценија на XIV и братот на Марко, Андреаш (**966**).

Марко, 1371-1395
динар (реверс)

Покрај владетелски монети, на крајот од XIV век се појавиле градски кованьа. Скопје, како значаен воен и трговски центар, околу 1395 г. започнал со издавање сопствени динари на кои било забележано името на градот.

ОТОМАНСКИ КОВНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА

По битката кај Черномен на реката Марица во 1371 г. биле интезивирани отоманските напади на Балканот. До крајот на XIV век, врз територијата на Македонија била воспоставена отоманската власт, а со тоа влегле во циркулација парите на отоманскиот монетарен систем. Низ целата Империја биле отворени повеќе ковници кои требало да ги задоволат нејзините економски и фискални потреби.

Бајазит II (1481-1512)
акча, Скопје

Првата ковница на територијата на Македонија била отворена околу 1471 г. во Скопје, во времето на владеењето на султанот Мехмед II Освојувачот (1444/45-1451/81), а се наоѓала во близината на Даут-пашиниот амам. Со мали прекини, ковницата работела до 1640 г. и во неа биле ковани златни алтани, сребрени акчи (**969**, **972**, **973**, **975**) и бакарни мангири. Набргу по скопската, во време на султанот Бајазид II (1481-1512), со ковничка активност започнала и ковницата во Кратово, каде што повторно биле ковани пари од сите три метали (**970**, **971**). Во времето на султанот Селим II (1566-1574) започнала со работа и ковницата во Охрид, каде што биле ковани само акчи (**976**).

Кованьето на отомански пари во Македонија траело околу 170 години, сè до средината на XVII век, кога султанот Ибрахим (1640-1649) ги затворил сите провинциски ковници на Балканот. Причината за нивното затворање било постојаното намалување на квалитетот на монетите, како и нивното фалсификување.

Остатоци од скопската ковница по земјотресот во 1963 г.
(од фототеката на Музејот на град Скопје)

ИЗВОРИ

Evagrius, *Ecclesiastical History: A History Of The Church From A.D. 431 To A.D. 594*, translated by E. Walford (1846), reprint 2007.

Plutarh, *Usporedni životopisi, prijevod i bilješke Zdeslav Dukat*, Zagreb 1988.

Прокопиј Кесариски, *Тајната историја*, превод В. Костеска-Петреска, Скопје 2007.

БИБЛИОГРАФИЈА

В. Битракова - Грозданова, *Монетоковањето во Lychnidos и Охрид, Монетите и монетарниците во Македонија*, Скопје 2002, 45-53.

Ј. Н. Борза, *Во сенката на Олимп, појавата на Македон*, Скопје 2004.

H. Gaebler, *Die Antiken Müzen von Makedonia und Paionia (AMNG III)*, Berlin 1935.

G. L. Green, *The Letters to the Thessalonians*, Cambrige 2002.

P. Grierson, *Byzantine Coins*, Berkeley 1982.

P. Grierson, M. Mays, *Late Roman Coins in the Dumbarton Oaks Collection and in the Whittemore Collection*, Washington D.C. 1992.

В. Иванишевић, *Новчарство средњовековне Србије*, Београд 2001.

М. Јовановић, *Српски средњовековни новац*, Београд 2001.

П. Јосифовски, *Римската монетарница во Стоби*, Скопје 2001.

П. Јосифовски, *Македонските кралеви и нивното монетоковање/ Macedonian Kings and Their Coin Minting, Монети од колекцијата на Охридска банка/ Coins from the Collection of Ohridska Banka*, Скопје 2006, 18-21.

P. Kos, *Leksikon antičke numizmatike*, Zagreb 1998.

В. Лилчиќ, П. Јосифовски, *Сребрен диобол на пајонскиот владетел TEYTAO(Σ), Македонски нумизматички гласник 1*, Скопје 1994, 27-37.

В. Лилчиќ, *Наоди на монети на македонските владетели на територијата на Република Македонија, Монетите и монетарниците во Македонија*, Скопје 2002, 31-43.

C.C. Lorber, *The goats of Aigai, Pour Denyse: Divertissements numismatiques*, Berne 2000, 113-133.

O. Mørkholm, *Early Hellenistic Coinage from the Accession of Alexander to the Peace of Apamaea (336-188 B.C.)*, Cambrige 1991.

Г. Острогорски, *Историја Византије*, Београд 1959.

Е. Петрова, *Пајонските племиња и Пајонското кралство во II и I милениум пред н.е.*, Macedonia Acta Archaeologica 12, Скопје 1990-1991, 9-130.

M. J. Price, *The Coinage in the Name of Alexander the Great and Philip Arrhidaeus*, Zurich/London 1991.

Н. Проева, *Студии за античките Македонци*, Скопје 1997.

S. Srečković, *Osmanliski novac kovan na tlu Jugoslavije*, Beograd 1987.

С. Сречковиќ, *Ковање на пари во Македонија за време на Османлиите, Монетите и монетарниците во Македонија*, Скопје 2002, 173-183.

W. Hahn, M. A. Metlich, *Money of the Incipient Byzantine Empire (Anastasius I – Justinian I, 491-565)*, Wien 2000.

M. F. Hendy, *Studies in the Byzantine Monetary Economy, c. 300-1450*, Cambridge 1987.

G.K. Jenkins, *Ancient Greek Coins*, London 1990.

М. Хаџи-Манева, *Византиските пари и нивното присуство во Македонија меѓу VI и XI век/ Byzantine Coins and their Presence in Macedonia between VI and XI Centuries, Монети од колекцијата на Охридска банка/ Coins from the Collection of Ohridska Banka*, Скопје 2006, 158-161.

К. Христовска, *Византиските пари на територијата на Република Македонија во XI и XII век: аспекти на дистибуција и циркулација, Монетите и монетарниците во Македонија*, Скопје 2002, 103-113.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзтетска библиотека ,,Св. Климент Охридски", Скопје

737.1(497.7) (036)

ХАЏИ-МАНЕВА, Маја
Македонија парите и историјата : водич на постојаната музејска поставка на НБРМ / [автор Маја Хаџи-Манева ; фотографии Владо Кипријановски]. - Скопје : Народна банка на Република Македонија, 2008. - 36 стр. : илустр. во боја ; 20 см

Податокот за авторот преземен од колофонот

ISBN 978-9989-107-12-2

а) Народна банка на Република Македонија - Колекции - Монети - Водичи б) Монети - Македонија - Водичи
COBISS.MK-ID 73038346

ISBN 978-998910712-2